МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 30 став (7 ) од Закон за виното („Службен весник на Република Македонија„ бр.50/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ВИНО

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за упис во регистарот на производители на вино односно недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во регистарот на производители на вино во рокот утврден во член 30 став (5) од Закон за виното.

**Член 2**

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради недонесување решение за упис во регистарот на производители на вино односно недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во регистарот“, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице- подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.03-6557/2

Министер,

15 август 2011 година

Љупчо Димовски, с.р.

Скопје

ДО

Писарницата на министерот за земјоделство,
шумарство и водостопанство

БАРАЊЕ

зарради недонесување решение за упис во регистарот на производители на вино односно недонесување на решение за одбивање на барањето за упис во регистарот

Од________________________________________________________

(назив на правното лице/име и презиме на физичко лице)

__________________________________________________________

( седиште на правно лице/адреса на физичко лице)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам согласно рокот утврден во член 30 став (9) од Законот за виното министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи по барањето за упис во регистарот на производители на вино, поднесено под број __________________ од ______________ до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, чија копија се доставува во прилог.

Датум и место на поднесување

______________________________

___________________.

Барател,